Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 88, 15 септември 2012 година

септември 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ентомологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Литературата за пијано во романтизмот“ од авторот доцент м-р Емилија Потевска, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........15

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот скрипта „Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од арнолд бакс“ од доц. м-р Владимир Лазаревски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........18

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот со наслов „Наратологија“ од авторот доц. д-р Ранко Младеноски, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........21

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНОТО ПОЛЕ/ОБЛАСТ КЛИНИЧКА МЕДИЦИНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев"- Штип на својата 73. седница, одржана на 6 јуни 2012 година, донесе Одлука број 2502-145/6 за распишување на Конкурс за ***еден асистент*** за научното поле/област ***клиничка медицина*** на Факултетот за медицински науки. На 75. седница, одржана на 10 август 2012 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-167/30 и Решение број 2502-167/45 за избор на претседател и решенија број 2502-167/46 и 2502-167/47 за избор на членови за формирање на Рецензентска комисија за избор во наставно звање асистент за научното поле/област *клиничка медицина* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип во следниов состав:

- проф. д-р Никола Силјановски, редовен професор по интерна медицина во пензија, Факултет за медицински науки при УГД, Штип - претседател;
- проф. д-р Никола Камчев, редовен професор по трансфузиологија на Катедрата по интерна медицина, Факултет за медицински науки при УГД, Штип - член;
- проф. д-р Милица Ивановска, редовен професор по офталмологија, Факултет за медицински науки при УГД, Штип- член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" на 6 јули 2012 година.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот, објавен на 6 јули 2012 година, за избор на асистент за научното поле/област клиничка медицина на Факултетот за медицински науки се пријави еден кандидат.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Валентина Велкоска-Накова** е родена на 22 октомври 1979 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. Дипломира на Медицинскиот факултет, општа медицина, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје на 12 јули 2004 година со просек 9,12. Во 2007 година се запишува на постдипломски студии по ендокринологија на Медицинскиот факултет во Скопје и истите ги завршува со среден просек 10 на 4 април 2011 година со одбрана на магистерски труд со наслов „Влијание на субклинички хипотироидизам врз некои фактори на ризик за атеросклероза", стекнувајќи академски назив магистер на медицински науки.

Во 2008 година започнува со специјализација по интерна медицина на Медицински факултет во Скопје, која е во тек.

Во 2011 година се запишува на докторски студии по клиничка медицина при Медицинскиот факултет во Скопје и истите се во тек.

Од 2004 до 2006 година работи како професор по предметите: Хигиена и здравствено воспитување, Микробиологија со паразитологија и Инфективни болести во СОУ „Јане Сандански" - Штип. Од 2006 до 2007 година работи како доктор на медицина во Клиничка болница – Штип. Од јули 2007 година се вработува како помлад асистент по клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Има одлично познавање на англискиот јазик, како и работа со компјутери (MS Windows, MS Word, MS Exel, MS Power point, MS Publisher, Microsoft Access, MS Front page, Corel Draw, Internet).

***Наставна дејност***

Кандидатката Валентина Велкоска-Накова стекнатите знаења и вештини успешно ги применува во воспитно-образовната дејност. Во периодот од учебната 2007/2008 до денес работи како помлад асистент по предметите: Нега на болен 1, Нега на болен 2, Физикална медицина 1, Интерна медицина со нега, Интерна медицина со ревматологија, Интерна медицина-одбрани поглавја, Интерна медицина, Интерна медицина 1 и 2, Интерна пропедевтика, Прва помош, Фармакологија со токсикологија 1 и 2.

***Научни трудови***

***Учебници:***

– Силјановски Н, Маролова А, Велкоска Накова В, Камчева Г. Интерна медицина со нега;
– Панова Г, Велкоска Накова В. Нега на болен 1. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2008;
– Панова Г, Велкоска Накова В. Вежби по нега на болен 1. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2008;
– Панова Г, Велкоска Накова В. Нега на болен 2. Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, 2008;
– Панова Г, Велкоска Накова В. Вежби по нега на болен 2. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2008;
– Камчев Н, Камчева Г, Велкоска Накова В, Бојаџиева Е. Прва помош. Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, 2008.

***Трудови:***

1. **Velkoska Nakova V**., Krstevska B., Bosevski M., Dimitrovski Ch., Serafimoski V. (2009): DYSLIPIDAEMIA AND HYPERTENSION IN PATIENTS WITH SUBCLINICAL HYPOTHYROIDISM. Contributions, Sec. Biol. Med. Sci., MASA, XXX, 2, p. 93–102.
2. Krstevska B., **Velkoska Nakova V**., ,Adamova G., Simeonova S., Dimitrovski Ch., Livrinova V., Serafimoski V. (2009): ASSOCIATION BETWEEN FOETAL GROWTH AND DIFFERENT MATERNAL METABOLIC CHARACTERISTICS IN WOMEN WITH GESTATIONAL DIABETES MELLITUS. Contributions, Sec. Biol. Med. Sci., MASA, XXX, 2, p. 103–114.
3. Krstevska B., Mishevska S., Janevska E., Simeonova S., Livrinova V., Pemovska G., **Velkoska Nakova V**., Serafimoski V. (2009): GESTATIONAL *DIABETES MELLITUS* – THE IMPACT OF MATERNAL BODY MASS INDEX AND GLYCAEMIC CONTROL ON BABY'S BIRTH WEIGHT. Contributions, Sec. Biol. Med. Sci., MASA, XXX, 2, p. 115–124.
4. **Велкоска Накова В**., Марина Н., Маролова А. (2009) Улога на anti-cyclic citrullinate peptide (anti-CCP) антителата и IgM ревматоидниот фактор во серолошката дијагноза на ревматоидниот артритис и нивната асоцијација со активноста на болеста. Зборник на абстракти.2009; (Прв македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество-МААР 2009), стр. 97.
5. **Velkoska Nakova V.,** Krstevska B., Dimitovski Ch., Simeonova S., Livrinova V., Hadzi-Lega M., Serafimoski V (2010). Prevalence of thyroid dysfunction and autoimmunity in pregnant women with gestational and diabetes type 1. Contributions, Sec. Biol. Med. Sci., MASA, XXXI, 2, p. 51-59.
6. B.L. Krstevska, **V.B. Velkoska Nakova**, E.K. Zisovska, G.D. Pemovska, S.V. Simeonova Krstevska, G.P. Adamova. Comparison of diet, metformin and insulin in the treatment of gestational diabetes mellitus. The 6$^{th}$ international symposium on diabetes and pregnancy, Salzburg, Austria, 23-26.2011.
7. **Velkoska Nakova Valentina,** Bosevski Marijan, Dimitrovski Chedomir, Krstevska Branka. Subclinical hypothyroidism and risk to carotid atherosclerosis. Brazilian Archives for Endocrinology and Metabolism.2011; 55(7) 475-480 (списание со фактор на влијание).

8. Крстевска Бранка, **Велкоска-Накова Валентина**, Димитровски Чедомир, Јовановска-Мишевска Саша, Пемовска Гордана, Адамова Катерина. Ехогеност на тироидната жлезда на ултрасонографија кај примарен хипотироидизам. Македонски медицински преглед 2011. 65(1): 26-30.
9. **Валентина Б. Велкоска Накова**, Бранка Л. Крстевска, Маријан В. Бошевски, Чедомир М. Димитровски, Гордана Д. Пемовска, Даниела С. Поп-Ѓорчева. Влијание на субклиничкиот хипотироидизам на клиничката симптоматологија. Македонски медицински преглед (позитивно рецензиран).
10. **Валентина Б. Велкоска Накова**, Нада А. Марина, Бранка Л. Крстевска. Сензитивност и специфичност на anti-cyclic citrullinate peptide антителата и IgM ревматоидниот фактор во серолошката дијагноза на ревматоидниот артритис. Македонски медицински преглед 2011; 65(2): 102-105.
11. **Velkoska Nakova V**, Krstevska B, Srbinovska E, Bosevski M. Correlation between thyroid hormone values and carotid intima media thickness in patients with subclinical hypothyroidism. 15$^{th}$ International and 14$^{th}$ European Congress of Endocrinology 5-9 May, Florence, Italy. Endocrine Abstracts 2012 Vol 29 (P 1656).
12. Богданова Ивана, **Валентина Велкоска Накова**, Соња Бојаџиева. Иктерус кај десетгодишно дете. 35-ти Интернационален студентски конгрес, Охрид, 10-13 мај 2012. Книга на апстракти, 64 стр.
13. Кристина Голабоска, **Валентина Велкоска Накова**, Билјана Чонеска Јованова. Henoch-Schonlein purpura кај четиригодишно женско дете. 35-ти интернационален студентски конгрес, Охрид, 10-13 мај 2012. Книга на апстракти, 65 стр.
14. Дончовска С, **Велкоска Накова В**, Камчева Г, Маролова А. Акитен панкреатитис кај предизвикан од хиперлипидемија кај млад маж - приказ на случај. IX-ти Македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, Охрид, 31 мај - 3 јуни 2012. Книга на апстракти, 23 стр.
15. **Valentina Velkoska Nakova**, Branka Krstevska. Schmidt's syndrome: a case report. Oral presentation. Internal medicine seminar, 17-23 June, Salzburg, Austria.
16. **Валентина Велкоска Накова**. Влијание на супклинички хипотироидизам врз некои фактори на ризик за атеросклероза. Магистерски труд. Скопје, 2011.

***Награди:***

1. Парична награда од International Society of Endocrinology за *effectiveness in endocrine research*, мај 2012.
2. Сертификат за одлична презентација на случај “Schmidt's syndrome: a case report” на семинарот по интерна медицина, 17-23 јуни 2012 год., Салцбург, Австрија.

***Учество на конгреси и работилници:***

1. Учество на Првиот ревматолошки конгрес со меѓународно учество, Охрид, 2009.
2. Учество како експерт во работилница за исхрана “How can science support policy makers addressing the nutritional challenges of Europe?” JRC, Ispra, Italy 29-30 September 2011.
3. Водење на работилница “Types of medical probes and applying medical probe-practical knowledge” на 34$^{th}$ и 35$^{th}$ Интернационален Медицински Научен Конгрес, Охрид, 6-9 мај 2011 и 10-13 мај 2012.
4. Водење на работилница “Applying catheter at male and female patients-practical knowledge” на 34$^{th}$ и 35$^{th}$ Интернационален медицински научен конгрес, Охрид, мај 2011 и 2012.
5. Учество на 15-ти Интернационален и 14-ти Европски конгрес по ендокринологија од 5 до 9 мај, Фиренца, Италија.
6. Учество на 9-ти Македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, Охрид, 31 мај- 3 јуни 2012 година.
7. Учество на семинар по интерна медицина, 17-23 јуни 2012 год., Салцбург, Австрија.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Врз основа на целокупната научна и стручна активност на кандидатите констатиравме дека д-р Валентина Велкоска-Накова ги исполнува сите услови за избор во асистент за наставно-научното поле/област *клиничка медицина*.

**Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, кандидатката д-р Валентина Велкоска-Накова да се избере во асистент во наставно-научното поле/област клиничка медицина.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Силјановски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Никола Камчев, член, с.р.**
**Проф. д-р Милица Ивановска, член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Валентина Велкоска-Накова**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | |
| Интерна скрипта од предавања | 4 | 4 | 16 |
| Интерна скрипта за вежби | 2 | 2 | 4 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестри во изборниот период) | 16 | 0,5 | 8 |
| **Научноистражувачка** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во SCI | 1 | 9 | 9 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во ЦА | 4 | 6 | 24 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во останати | 2 | 3 | 6 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир во Македонија | 4 | 1 | 4 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир во странство | 2 | 2 | 4 |
| Учество на научен собир со постер во Македонија | 1 | 1 | 1 |
| Учество на научен собир со постер во странство | 3 | 1,5 | 4,5 |
| Учество на научен собир со реферат-устен во странство | 2 | 2 | 4 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Награди-признанија за научни постигнувања во странство | 1 | 10 | 10 |
| Секциско предавање на научен собир во Македонија | 2 | 2 | 4 |
| **Стручно-апликативна и орагнизациско-развојна** | | | |
| Стручни награди и признанија во странство | 1 | 8 | 8 |
| Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | 2 |
| **Вкупно** | | | **112,5** |